РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ„СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА – СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА

## ФАКУЛТЕТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

## 1 МАЈ 2025 - 30 АПРИЛ 2026 ГОДИНА

ДЕКАН

ПРОФ. Д-Р МИЛЕ МАРКОСКИ

## СОДРЖИНА НА ИЗВЕШТАЈОТ


КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ПЕРИОДОТ ........ 3
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ........ 7
Прв циклус студии ........ 7
Втор циклус студии ........ 12
Трет циклус студии (докторски студии) ........ 12
Комисија за настава ........ 14
Активности на Советот за втор циклус студии ........ 16
Евалуација на наставата и наставниот кадар ........ 17
Систем за квалитет на ФЗНХ ........ 17
Активности на комисијата за спорт и студенти ........ 19
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ ........ 19
Активности на Комисијата за наука ........ 19
Научноистражувачка и апликативна дејност ........ 20
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 22
Активности на Комисија за меѓународна соработка ........ 22
Меѓународни научноистражувачки проекти ........ 23
Мобилност на наставно-научен кадар и студенти ........ 26
Билатерална соработка со универзитети од Европа и светот ........ 29
Визитинг професори ........ 30
Меѓународни конференции ........ 31
Петти меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF2025 ........ 32
Останати активности од меѓународен карактер ........ 34
Асоцијација на факултети за земјоделски науки од Југоисточна Европа ........ 34
Членство во други асоцијации и мрежи ........ 35
Споделени информации за стипендии и тренинг програма наменети за студенти ........ 36
ЗАСТАПУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ФАКУЛТЕТОТ ........ 36
РАБОТА НА ДЕКАНАТСКАТА УПРАВА ........ 38
РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИИ И ЈАВНИ НАБАВКИ ........ 38
СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТОТ ........ 40
Кадровски активности и стручни служби ........ 40
ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ........ 41
АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ (ФСС) ........ 42
ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА НА ФЗНХ ........ 43

## КРАТОК ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ПЕРИОДОТ

Согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, деканот на Факултетот еднаш годишно поднесува Извештај за својата работа до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот. Во согласност со оваа законска обврска, а имајќи ги предвид надлежностите на деканот во управувањето и развојот на Факултетот, овој извештај дава преглед на најзначајните активности, резултати и постигнувања на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реализирани во периодот од 1 мај 2025 до 30 април 2026 година.

Извештајот ја опфаќа втората година од мандатниот период 1 мај 2024 – 30 април 2027 година и ги презентира клучните активности што ја одбележаа работата на деканот, како и активностите и резултатите остварени во сите сегменти од работењето на Факултетот.

Во текот на извештајниот период, Факултетот успешно ги реализираше своите активности во областа на наставно-образовната, научноистражувачката и апликативната дејност, меѓународната соработка, развојот на инфраструктурата, институционалното управување и соработката со стопанството. Посебен акцент беше ставен на унапредување на квалитетот на наставата, интензивирање на научноистражувачките активности, интернационализација на Факултетот, јакнење на партнерствата со домашни и странски институции, како и на модернизација на условите за работа и студирање.

Во продолжение на извештајот се презентирани најзначајните активности и резултати реализирани во извештајниот период, групирани според клучните области на дејствување на Факултетот.

Најзначајните постигнати резултати се:

**Наставно-образовна дејност**

- Наставата успешно се реализираше на 11 студиски програми на прв циклус студии.
- Запишани се 77 студенти на прв циклус, 19 студенти на втор циклус и 2 студенти на трет циклус студии.
- Дипломираа 51 студент, магистрираа 11 кандидати, а докторираа 2 кандидати.
- Изработени се нови Водичи за студенти за прв и втор циклус студии.
- Ангажирани се 4 визитинг професори и 18 истакнати стручњаци од практиката, со што дополнително се збогати наставниот процес.

- Реализини се активностите за реакредитација на сите 6 докторски студиски програми.

**Научноистражувачка и апликативна дејност**

- Одобрен е научноистражувачки проект финансиран од УКИМ, како и проект финансиран од Министерството за образование и наука.
- Започна реализацијата на нов проект финансиран од Helvetas, а продолжија активностите на проектите финансирани од ФАО и АЛКАЛОИД АД.
- Факултетот продолжи со реализација на јавните овластувања во областа на сточарството, мониторингот на карантински штетни организми и одржувањето на националната ген-банка.
- Потврдена е акредитацијата на 52 лабораториски методи, со што се обезбедува висок квалитет на лабораториските услуги.
- Континуирано се издава меѓународното научно списание JAFES.

**Меѓународна соработка**

- Поднесени се 14 апликации за меѓународни проекти (5 Horizon Europe, 8 Erasmus+, 1 EIT Food), што претставува зголемување од 75% во однос на претходната година.
- Факултетот активно реализира 14 меѓународни проекти финансирани од програмите Horizon Europe, Erasmus+, FAO, IAEA, CMSR, UN Women, Biodiversity International и други меѓународни организации.
- Продолжија мобилностите преку програмите CEEPUS и Erasmus+, како за наставниот кадар така и за студентите.
- Потпишан е Меморандум за соработка со Leibniz Institute of Agricultural Development in Transition Economies (IAMO), Германија, а започнати се активности за нови партнерства со MATE (Унгарија) и EMBRAPA (Бразил).
- Организиран е Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF 2025, со значително меѓународно учество.
- Започнати се активностите за членство во ICA и CASEE, што претставува важен чекор во интернационализацијата на Универзитетот и Факултетот.

**Развој и инвестиции**

- Обезбедени се капитални инвестиции преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Министерството за образование и наука за:
    - набавка на трактор и земјоделска механизација,
    - компјутерска опрема,
    - реконструкција на санитарните јазли,

    - модернизација на осветлувањето.
- Преку меѓународни проекти и донатори е набавена современа научноистражувачка опрема (дронови, сензори, метеоролошки станици, системи за наводнување, лабораториска опрема и друга современа истражувачка инфраструктура).
- Започнат е процесот на трансформација на Опитното поле во современ Living Lab за практична настава, научни истражувања и демонстрациски активности.

**Управување и институционален развој**

- Одржани се 11 седници на Наставно-научниот совет, на кои беа донесени значајни одлуки поврзани со наставата, науката, финансиите, кадровската политика и меѓународната соработка.
- Избрани се двајца нови доценти, а започната е постапката за избор во повисоко звање на последниот асистент на Факултетот.
- Организирана е свечената академија по повод 78 години од основањето на Факултетот.

**Студентски активности**

- Одржана е 16. Студентска смотра, Втората смотра на средношколски трудови и Квиз на знаење.
- Реализирани се бројни промотивни активности за упис на нови студенти, учество на саеми за образование и директни презентации во средните училишта.

**Финансиско работење**

- Продолжи политиката на рационално финансиско управување и диверзификација на приходите преку научноистражувачки проекти, лабораториски услуги, јавни овластувања и соработка со стопанството.
- Обезбедени се дополнителни средства за капитални инвестиции и развој на инфраструктурата.
- Подобрена е материјалната положба на вработените преку имплементацијата на Колективниот договор на УКИМ.

Во текот на извештајниот период, друштвата основани од Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје продолжија успешно да ги реализираат своите активности, обезбедувајќи значаен придонес во развојот на апликативната дејност, научноистражувачката работа, соработката со стопанството и финансиската одржливост на Факултетот. Во продолжение е даден краток осврт на позначајните активности на **Друштвото за применети истражувања и перманентно образование во земјоделството – ДИПОЗ ФЗНХ ДООЕЛ Скопје** и **Опитно поле – ФЗНХ ДООЕЛ Скопје**.

**ДИПОЗ ФЗНХ ДООЕЛ Скопје**

Во периодот 1 мај 2025 – 30 април 2026 година, ДИПОЗ ФЗНХ ДООЕЛ Скопје, во тесна координација со Деканот и Деканатската управа на Факултетот, продолжи со реализација на своите програмски активности во областа на применетите истражувања, стручните услуги и соработката со јавниот и приватниот сектор.

Особено значаен резултат во извештајниот период претставува продолжувањето на активностите за испитување на продуктивноста и генетската вредност на говедата, овците и свињите, согласно новиот Закон за зоотехника, по добивањето на Решение за упис во Регистарот на трети лица што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Регистрацијата е издадена со важност од 10 години, што претставува потврда за исполнување на законските услови и зајакнување на институционалниот капацитет на Друштвото.

ДИПОЗ успешно ја продолжи соработката со постојните партнери од стопанството, а во извештајниот период воспостави и нови деловни партнерства. Посебно се издвојува соработката со Витаминка АД – Прилеп, во рамките на која беше реализирано истражување на потрошувачите како дел од проект финансиран од EIT Food. Во областа на меѓународната соработка, Друштвото активно учествуваше во реализацијата на проектни активности со GEES и GIZ, дополнително зајакнувајќи ја својата меѓународна препознатливост.

**Опитно поле – ФЗНХ ДООЕЛ Скопје**

Во текот на извештајниот период, Опитно поле – ФЗНХ ДООЕЛ Скопје го задржа позитивниот тренд на финансиско работење и продолжи со активности насочени кон модернизација на инфраструктурата и подобрување на условите за наставна, научноистражувачка и демонстрациска работа.

На површините на Опитното поле беше инсталирана нова современа опрема обезбедена преку меѓународни и национални проектни активности на Факултетот, со што дополнително се унапредија условите за практична настава, научни истражувања и демонстрација на современи земјоделски технологии.

Континуирано се реализираат и активностите поврзани со Ген-банката за автохтони овошни видови, проект финансиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, под координација на проф. д-р Марјан Кипријановски, проф. д-р Тошо Арсов и м-р Никола Сарагиновски.

Значаен придонес во унапредувањето на инфраструктурата на Опитното поле беше обезбеден и преку соработка со општествено одговорни компании, со чија поддршка се реализираа активности за реконструкција на патната инфраструктура, рамнење на терените, копање бунар, расчистување на стари насади и коренова маса, отстранување на диви депонии и други интервенции за подобрување на функционалноста на просторот. Овие активности ќе продолжат и во наредниот период, со цел Опитното поле постепено да се развива како

современ демонстрациски и истражувачки центар во функција на наставата, науката и соработката со стопанството.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### Прв циклус студии

Во текот на академската 2025/2026 година, наставата на прв циклус студии се одвиваше на вкупно 11 студиски програми, а истата беше во најголем покриена од вработени наставници на Факултетот. За покривање на наставата на одреден број предметни програми, беа ангажирани наставници од други единици на УКИМ, и тоа: на предметните програми Математика и Компјутерски апликации беше ангажиран наставник од ПМФ, на предметната програма Анатомија на животни - наставник од Факултетот за ветеринарна медицина, на предметната програма Основи на програмирање – наставници од ФИНКИ, на предметите Сензори и вградливи микрокомпјутерски системи во земјоделството и Интернет-на-нешта - наставници од ФЕИТ, на предметната програма Основи на мехатроника и автоматизација - наставник од Машинскиот факултет и на предметната програма Спорт и здравје – наставник од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.

Како редовна обврска во работата на Факултетот, ННС на ФЗНХ усвои академски календар на активности за учебната 2025/2026 година, во кој е даден целосен преглед на сите активности поврзани со наставно-образовниот процес на Факултетот, како што се: почетокот и крајот на академската година, датуми за запишување семестар, датуми за заверка на семестар и датуми за редовните и дополнителни испитни сесии. Врз основа на доставените податоци од наставниците, беше изготвен и распоред на редовни и дополнителни испитни термини за секоја предметна програма, кои беа објавени на веб страната на ФЗНХ. Академскиот календар беше исто така навремено објавен на веб страната на ФЗНХ, пред почетокот на учебната година.

Наставата на прв циклус студии во академската 2025/2026 година се изведуваше редовно, согласно усвоениот распоред на часови за зимскиот и летниот семестар. Распоредот на часови пред почетокот на секој семестар беше навремено доставен до наставниот кадар и јавно објавен на огласната табла и веб страната на ФЗНХ. За поефикасно и непречено спроведување на наставниот процес, на веб страната на факулететот беа објавени и термини за консултации за двата семестри кај секој наставник и соработник.

Сите тековни информации и соопштенија поврзани со наставата, реализацијата на колоквиуми, испити, одбрана на дипломски/магистерски трудови транспарентно се објавувани на огласната табла, веб страната на Факултетот и преку I-know системот.

Во извештајниот период, беа изработени два водичи за студенти: ВОДИЧ ЗА СТУДЕНТИ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ - права и обврски на студентите, услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање и ВОДИЧ ЗА СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ - права и обврски на студентите, услови, критериуми, правила и постапка за запишување и студирање. Водичите се изработени согласно Одлуката за правила на студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје (Универзитетски Гласник бр. 702/2024) и се објавени на веб страната на ФЗНХ.

На почетокот на секој семестар од академската 2025/2026 година, беше извршен целосен преглед на аудио-визуелната опрема во амфитетарите и предавалните, Wi-Fi уредите и мрежата и истовремено се овозможени соодветни работни услови во предавалните и амфитеатрите на Факултетот. Во амфитеатар бр. 14 стариот LCD проектор беше заменет со нов.

На 14. Седница на ННС, беше усвоен и Преглед на ангажираност на наставничкиот и соработничкиот кадар на прв циклус студии на ФЗНХ за академската 2025-2026 година, кој е објавен и јавно достапен на веб страната на ФЗНХ. Заради укажана потреба, ННС на ФЗНХ, на 20. Седница одржана на 06.03.2026 година донесе одлука за измена на прегледот на ангажираност на наставничкиот и соработничкиот кадар на ФЗНХ, која е исто така објавена и достапна на веб страната на ФЗНХ.

За навремено и успешно реализирање на вежбите на одредени предметни програми, а на барање на три Институти на ФЗНХ (Институт за храна, Институт за агроекономика и Институт за животна средина), во академската 2025/2026 година беа ангажирани тројца демонстратори кои се финансираат од сопствени средства на Факултетот.

Во академската 2025/2026 година (јануари 2026 година и мај 2026 година), пријавени се нови 52 наслови на теми за изработка на дипломски труд, кои се усвоени на ННС и објавени на веб страната на ФЗНХ.

Со цел подобрување и проширување на теоретските и практичните искуства на студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна, во учебната 2025/2026 година, беа ангажирани 4 визитинг професори и 18 истакнати стручњаци од пракса. Како визитинг професори во учебната 2025/2026 година беа ангажирани: проф. д-р Хосеин Азади од Универзитетот во Гент, Белгија, проф. д-р Фотис Пападемас од Универзитет за технологија, Кипар, проф. д-р Јака Жгајнар од Биотехнички факултет при Универзитетот во Љубљана и проф. д-р Андреас Дрихутис од Земјоделскиот Универзитет во Атина.

Како истакнати стручњаци од пракса беа ангажирани: д-р Сања Стојоска, д-р Марија Терзиќ, д-р Орде Ѓорѓиоски, м-р Васко Манев, Билјана Чулева, Мери Илиеска, Маја Димитровска, Наташа Пејчева, Диме Поповски, Димитар Терзиевски, Светлана Колариќ, Даниел Трајковски, Лидија Ристовска Марковиќ,

Игорчо Коцев, Горан Георгиевски, Јована Арсовска, Марин Христовски и Маја Илиевска.

По повод јубилејот на ФЗНХ, на 15.12.2025 година, се одржа традиционалната 16. Смотра на студентски трудови. На смотрата беа пријавени вкупно 5 трудови од студенти на прв циклус студии на ФЗНХ. На сите учесници на смотрата им беа доделени сертификати за учество, а беа додели и пригодни награди/подароци на најдобрите 3 студентски трудови, кои беа обезбедени од Факултетот, претставникот на Сингента, Швајцарија, Благој Сиваков и од 3 реномирани компании од прехрабениот сектор (Жито Лукс-Скопје, Виталиа-Скопје, Мамас-Струмица и Винчини-Виница).

Покрај одржувањето на традиционалната смотра на студентски трудови, по повод јубилејот на Факултетот, беше за првпат организиран и КВИЗ НА ЗНАЕЊЕ за студентите на прв циклус студии на ФЗНХ. Квизот се одржа на 15.12.2025 година, а за учество беа пријавени вкупно 12 студенти од прва до четврта студиска година. На сите учесници на квизот им беа доделени сертификати за учество, а беа додели и пригодни награди/подароци на најдобрите 3 учесници, кои беа обезбедени од Факултетот, претставникот на Сингента, Швајцарија, Благој Сиваков и од 3 реномирани компании од прехрабениот сектор (Жито Лукс-Скопје, Виталиа-Скопје, Мамас-Струмица и Винчини-Виница).

Во учебната 2025/2026 година, дел од наставно-научниот кадар на ФЗНХ беше ангажиран за изведување на настава на две единици на УКИМ, и тоа: проф. д-р Зоран Поповски на ТМФ, проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска и проф. д-р Ленче В. Марковска на Фармацевтскиот факултет и доц. д-р Ивана Ангелова на Архитектонскиот факултет и на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг “Ханс Ем”.

Во извештајниот период, постапено е по вкупно 47 барања за еквиваленција на положени предмети на прв циклус студии на студиски програми на ФЗНХ или на студиски програми на друг факултет при УКИМ, како и по вкупно 11 барања за еквиваленција на претходно положени предмети на втор циклус студии на студиски програми на ФЗНХ.

- **Упис на студенти на прв циклус студии**

Согласно објавениот Конкурс за запишување на студенти во прва година во академската 2025/2026 година од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, беа реализирани уписи во трите предвидени рокови. На 11-те акредитирани студиски програми на прв циклус студии во учебната 2025/2026 година, вкупно се запишаа 72 студенти, од кои 44 редовни и 28 вонредни студенти. Најголем број студенти се запишаа на студиските програми: Квалитет и безбедност на храна (24), Агроекономика (12) и Поледелство (8).

При крајот на зимскиот семестар од учебната 2025/2026 година, во архивата на ФЗНХ беа поднесени 5 барања за префрлување на студенти запишани на прв циклус студии на други единици на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Факултет за ветеринарна медицина, Технолошко-металуршки факултет и Економски факултет) на соодветни/сродни студиски програми на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје. Согласно добиените барања, Факултетот за земјоделски науки и храна се обрати до Министерството за образование и наука за добивање на согласност за отворање на матичната книга. По добиената согласност од МОН во текот на месец јануари 2026 година, беше извршен упис на петте студенти во летниот семестар од учебната 2025/2026 година.

Со тоа, вкупниот број на запишани студенти во учебната 2025/2026 година изнесува 77.

Првиот академски час за запишаните студенти на прв циклус студии во учебната 2025/2026 година, беше организиран на 1.10.2025 година, на кој им беа свечено доделени и индексите.

- **Промотивни активности на ФЗНХ за запишување на студенти**

Во извештајниот период, ФЗНХ организираше голем број на промотивни активности со цел зголемување на бројот на запишани студенти на сите циклуси на студии. Фокусот беше главно насочен на првиот циклус студии, а главната целна група беа учениците од четврта година во средните стручни училишта (земјоделско-ветеринарна и прехранбена струка).

Во соработка со Државниот испитен центар, полагањата на екстерните предмети за државна матура за учебната 2024/2025 година, за вкупно 450 ученици од средните училишта СУГС „Марија Кири Склодовска“ Скопје и СУГС “Димитар Влахов” Скопје, се одржаа во просториите на Факултетот за земјоделски науки и храна. Со цел непречено одвивање на полагањето на државната матура, ФЗНХ ги стави на располагање сите потребни просторни капацитети, а дополнително обезбеди безалкохолни пијалоци и кондиторски производи во функција на намалување на стресот кај матурантите и поддршка во текот на процесот. По завршување на полагањето на екстерните предмети, на матурантите им беа презентирани студиските програми на ФЗНХ, како и можностите и придобивките од студиите.

По повод одбележувањето на 78 годишниот јубилеј, Факултетот за земјоделски науки и храна организираше ВТОРА СМОТРА НА СРЕДНОШКОЛСКИ ТРУДОВИ и КВИЗ НА ЗНАЕЊЕ – “СО ЗНАЕЊЕ, ПРЕКУ ТРАДИЦИЈА ДО ИНОВАЦИИ” за учениците од средните стручни училишта од земјоделско-прехранбената струка. Целта на смотрата беше да се презентираат трудови/проектни задачи изработени од средношколци од четврта година под менторство на професори од средните стручни училишта. Смотрата се одржа на 15.12.2025 година, а на истата земаа учество вкупно 9 ученици од четврта година

од 7 средни стручни училишта: СУГС “Браќа Миладиновци” – Скопје, ДСУ-РЦСОО “Киро Бурназ”-Куманово, СУГС “Марија Кири Склодовска” – Скопје, ССОУ “Димитрие Чуповски”-Велес, СОУ “Кочо Рацин”-Свети Николе, СОУ “Цар Самоил”-Ресен и СОУУД “Димитар Влахов”-Струмица. На сите учесници им беа доделени сертификати за учество, а за најдобрите 3 трудови беа доделени и материјални награди/подароци кои беа обезбедени од претставникот на Сингента, Швајцарија, Благој Сиваков и од 3 реномирани компании од прехрабениот сектор (Жито Лукс-Скопје, Виталиа-Скопје, Мамас-Струмица и Винчини-Виница). За најдобриот презентиран труд (освоено прво место), Факултетот обезбеди награда во форма на ослободување од партиципација во прва година од студиите, доколку ученикот се запише на ФЗНХ во учебната 2026/2027 година.

КВИЗОТ НА ЗНАЕЊЕ – “СО ЗНАЕЊЕ, ПРЕКУ ТРАДИЦИЈА ДО ИНОВАЦИИ” беше организиран во две дисциплини – Примарно земјоделско производство и Прехранбена технологија. Квизот се одржа на 15.12.2025 година, а на истиот учествуваа вкупно 47 ученици од четврта година од средните стручни училишта: СОУ “Гоце Делчев” Валандово, ДСУ-РЦСОО “Киро Бурназ”-Куманово, СУГС “Марија Кири Склодовска” – Скопје, ССОУ “Димитрие Чуповски”-Велес, СОУ “Кочо Рацин”-Свети Николе, СОУ “Цар Самоил”-Ресен и СОУУД “Димитар Влахов”-Струмица. На сите учесници им беа доделени сертификати за учество, а за тројцата најдобро рангирани учесници во секоја дисциплина беа доделени материјални награди/подароци кои беа обезбедени од претставникот на Сингента, Швајцарија, Благој Сиваков и од 3 реномирани компании од прехрабениот сектор (Жито Лукс-Скопје, Виталиа-Скопје, Мамас-Струмица и Винчини-Виница). За најдобро рангираните учесници во двете дисциплини (освоено прво место), Факултетот обезбеди награда во форма на ослободување од партиципација во прва година од студиите, доколку учесниците се запишат на ФЗНХ во учебната 2026/2027 година.

Факултетот за земјоделски науки и храна зема активно учество и на **Саемот за образование 2026, кој се одржа во периодот 27-28 март 2026 година во Skopje City Mall**. Саемот беше во организација на Студентарија – најголемата студентска заедница во РС Македонија, а беше одлична можност да се претстават можностите кои ги нуди нашиот факултет и да се презентираат студиските програми на прв циклус студии пред идните студенти.

Во организација на Младинскиот Центар Охрид, на 24.4.2026 година се одржа и традиционалниот Саем за образование и кариера 2026, кој е насочен кон идните студенти, а служи како платформа за презентирање на образовни можности и кариерни патеки. Факултетот беше еден од учесниците на саемот, на кој на матурантите од општините Охрид и Струга им беа презентирани студиските програми на ФЗНХ, како и можностите кои ги нуди факултетот.

Покрај сите горенаведени активности, промоцијата на студиските програми на ФЗНХ се одвиваше и со непосредна посета на матурантите во

најголем дел од средните училишта во државата, а за таа цел беа изработени и нови промотивни материјали. Меѓудругото, промоцијата на Факултетот континуирано се врши и по електронски пат, преку користење на различни социјални мрежи, настапи на радио и телевизија, организирање на кариерен ден на ФЗНХ и слично.

- **Дипломирани студенти на прв циклус студии**

Во извештајниот период, на сите студиски програми на прв циклус универзитетски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна дипломирале вкупно 51 студент.

**Втор циклус студии**

Наставата на втор циклус студии се одвиваше главно преку консултации, а испитите се реализираа навремено согласно годишниот распоред на термини објавен на огласната табла и веб-страната на Факултетот, во согласност со Академскиот календар на активности. За изведување и реализирање на наставата и соодветно следење на административните обврски, наставниците на втор циклус студии доставуваат извештај за реализирана настава.

- **Упис на студенти на втор циклус студии**

Согласно објавениот заеднички Конкурс за запишување на втор циклус универзитетски студии на УКИМ во учебната 2025/2026 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во двата уписни рока се запишаа вкупно 19 студенти (прв рок 14 студенти и втор рок 5 студенти).

За запишаните студенти од двата уписни рокови на втор циклус студии беше организиран прв академски час со свечено доделување на индекси.

- **Дипломирани студенти на втор циклус студии**

Во текот на извештајната година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје магистрирале вкупно 11 студенти.

**Трет циклус студии (докторски студии)**

На трет циклус студии, наставата се реализираше со студентите запишани во учебните 2023/2024, 2024/25 и 2025/2026 година, како и со студенти кои имаат презапишано предмети и години или доцнат со реализирање на обврските предвидени согласно планот и структурата на студиската програма. Во текот на реализацијата на III циклус студии, докторандите при ФЗНХ учествуваа со јавна презентација на годишни конференции, реализираа пријави на теми за изработка на докторски труд, учества на меѓународни и домашни конференции итн.

Во извештајниот период, од страна на сите совети на студиски програми на трет циклус студии на Факултетот, а врз основа на Одлука на ННС на ФЗНХ беше доставен предлог-конкурс за упис на студенти во учебната 2025/2026, година и истиот беше предложен до УКИМ, заедно со:

1. Листа на потенцијални ментори за академската 2025/2026 година со број на слободни места,
2. Одлука за број на студенти,
3. Одлука за условите и критериумите за упис, Одлука за износ на школарината и
4. Одлука за други елементи од значење за конкурсот за соодветната студиска програма.

- **Упис на студенти на трет циклус студии**

Согласно објавениот заеднички Конкурс за запишување на трет циклус универзитетски студии на УКИМ во учебната 2025/2026 година, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје се запишаа вкупно двајца студенти во двата уписни рока.

- **Докторирани студенти**

На Факултетот за земјоделски науки и храна во текот на извештајната година докторирале двајца студенти.

- **Повторна акредитација на трет циклус студии**

Со Одлука на ННС бр. 02-1033/2-34 од 30.09.2025 година, беше формирана Работна група за реакредитација на студиските програми на трет циклус студии во состав: проф. д-р Билјана Кузмановска, продекан за настава–координатор, проф. д-р Тошо Арсов продекан за наука, соработка со стопанството и развој-член, проф. д-р Мирјана Јанкуловска-член, проф. д-р Срећко Ѓорѓиевски, раководител на колегиум на студиска програма Анимална биотехнологија-член, проф. д-р Раде Русевски, раководител на колегиум на студиска програма Заштита на растенијата-фитомедицина-член, проф. д-р Мирјана Ј. Јанкуловска раководител на колегиум на студиска програма Квалитет и безбедност на земјоделски производи-член, проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, раководител на колегиум на студиска програма Менаџмент на природни ресурси и заштита на животната средина-член и проф. д-р Емељ Туна раководител на колегиум на студиска програма Агроекономика-член.

Финалните предлог-Елаборати за сите 6 студиски програми беа усвоени на 15. седница на ННС, одржана на 21.11.2025 година, кои потоа беа доставени до Школата за докторски студии на УКИМ, Ректорската Управа и Сенатот на УКИМ за натамошно постапување.

По добивањето на позитивните мислења и одлуките на овие тела, Елаборатите беа финализирани и на 30.12.2025 година доставени до Одборот за акредитација на високото образование во печатена и електронска форма.

Од Одборот за акредитација на високото образование на 24.04.2026 година беа доставени технички забелешки за сите шест Елаборати, по кои координаторот на работната група целосно постапи. Коригираните Елаборати во печатена и електронска форма на 27.04.2026 година беа повторно доставени до Одборот за акредитација на високото образование за натамошно постапување и добивање на позитивно мислење.

**Комисија за настава**

Во текот на извештајниот период, Комисијата за настава одржа 7 редовни седници на кои се разгледани прашања од наставата и потребите на студентите. Комисијата за настава, донесе голем број предлози, доставени и усвоени од страна на ННС на ФЗНХ, и тоа:

1. Разгледување на барање од Факултетското студентско собрание на ФЗНХ за дополнителни испитни термини за студентите на ФЗНХ-Скопје во академската 2025/2026 година, со донесување на предлог-Одлука за усвојување.
2. Донесување предлог-Академски календар на активности на ФЗНХ, за учебната 2025/2026 година.
3. Донесување предлог-Одлука за утврдување испитни термини во есенскиот, зимскиот и летниот испитен рок за студентите на ФЗНХ-Скопје, во академската 2025/2026 година.
4. Донесување Предлог-Одлука за преглед на ангажираност на наставници и соработници на прв циклус универзитетски студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје во академската 2025/2026 година.
5. Донесување Предлог-Одлука за усвојување Распоред на часови во зимскиот семестар на прв циклус студии на ФЗНХ, во академската 2025/2026 година.
6. Разгледување на барање од Технолошко-металуршки факултет при УКИМ во Скопје, за ангажирање на наставник по предметот Генетски модифицирани суровини и микроорганизми, изборен предмет во летен семестар со фонд на часови 2+2 (5 ЕКТС).
7. Разгледување на барање од Фармацевтски факултет при УКИМ во Скопје, за ангажирање на проф. д-р Ленче Велкоска Марковска со 1 ЕКТС во теоретската настава по задолжителниот предмет Општа и неорганска хемија (7 ЕКТС) во I (зимски) семестар и проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска со 1 ЕКТС во теоретската настава по задолжителниот предмет Основи на органска хемија (7 ЕКТС) во II (летен) семестар.
8. Донесување Предлог-Одлука за ангажирање на истакнати стручњаци од пракса за академската 2025/2026 година, за вршење

високо-образовна дејност на студиските програми на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје.

9. Разгледување на барање од Институтот за храна за ангажирање на демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, за академската 2025/2026 година.
10. Разгледување на барање од Институтот за животна средина за ангажирање на демонстратор како помошник во наставно-образовниот процес на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, за академската 2025/2026 година.
11. Разгледување на барање од Институтот за агроекономика за ангажирање на демонстратор како помошник во наставно-образовниот процес на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, за академската 2025/2026 година.
12. Донесување Предлог-Одлука за објавување на Интерен оглас за ангажирање на демонстратори на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје за академската 2025/2026 година.
13. Донесување Предлог-одлука за формирање Комисии за спроведување на постапката по објавен интерен оглас за ангажирање на демонстратори на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, за академската 2025/2026 година.
14. Разгледување на барање од Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг “Ханс Ем” факултет при УКИМ во Скопје, за ангажирање на наставник по предметот Основи на урбанизам, задолжителен предмет во летен семестар на студиската програма Пејзажно дизајнирање, со фонд на часови 2+2.
15. Донесување Предлог-Одлука за утврдување квоти за упис на студенти во прва година на сите студиски програми на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје и утврдување на листа на екстерни и интерни предмети, со цел отпочнување подготовки за изготвување на заедничкиот Конкурс на УКИМ за запишување студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии во академската 2026/2027 година.
16. Разгледување на барање (Молба за премин на друг факултет со бр. 10-1358/1 од 18.11.2025 година), од Искра Диванисова, студент на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на УКИМ во Скопје за префрлување на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, на студиската програма Анимално производство.
17. Разгледување на барање (Молба за премин на друг факултет со бр. 10-1429/1 од 3.12.2025 година), од Ружица Велковска, студент на Економски факултет во состав на УКИМ во Скопје за префрлување на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, на студиската програма Агроекономика.

18. Разгледување на барање (Молба за премин на друг факултет со бр. 10-1479/1 од 12.12.2025 година), од Марија Митровска, студент на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на УКИМ во Скопје за префрлување на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, на студиската програма Анимално производство.
19. Разгледување на барање (Молба за премин на друг факултет со бр. 10-1495/1 од 22.12.2025 година), од Искра Трпковска, студент на Технолошко-металуршки факултет во состав на УКИМ во Скопје за префрлување на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, на студиската програма Квалитет и безбедност на храна.
20. Разгледување на барање (Молба за премин на друг факултет со бр. 10-1498/1 од 23.12.2025 година), од Марија Магдалена Малиновска, студент на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на УКИМ во Скопје за префрлување на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, на студиската програма Анимално производство.
21. Донесување Предлог-Одлука за усвојување Распоред на часови за наставата во летниот семестар на прв циклус студии на ФЗНХ, во академската 2025/2026 година.
22. Разгледување на барање за давање согласност за учество на наставен кадар во реализација на нова студиска програма на втор циклус студии - Биотехнологија на Технолошко-металуршки факултет при УКИМ во Скопје.
23. Донесување на Предлог-Одлука за измена на Одлуката за преглед на ангажираност на наставници и соработници на прв циклус студии на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, во академската 2025/2026 година.

**Активности на Советот за втор циклус студии**

Во извештајниов период, советот за втор циклус студии одржа 10 редовни седници. На овие седници беа разгледани следните точки:

1. Разгледување на пријави за запишување кандидати на втор циклус студии (вкупно пријавени кандидати во првиот и во вториот уписен рок) - 21;
2. Разгледување на барања за изработка на магистерски труд (вкупно пријави) - 22;
3. Барања за избор на Комисија за оцена на изработен магистерски труд (разгледани вкупно барања) - 13;
4. Разгледување и усвојување на извештаи за оцена за магистерски труд и формирање на Комисија за одбрана (разгледани вкупно извештаи) - 12;

5. Разгледување на барања за продолжување на рокот за одбрана на магистерски трудови (барање) - 2;
6. Разгледување на барања за промена на студиска програма/модул (барања) - 1;
7. Разгледување на барања на студенти за мирување на студиите на втор циклус студии (барање) – 0;
8. Разгледување на барање за промена на ментор – 1;
9. Разгледување на преглед на ангажираност на наставници на втор циклус студии – 1.

**Евалуација на наставата и наставниот кадар**

Спроведувањето на анкетата за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар е задолжителна обврска која произлегува од член 33 од Законот за високото образование. Од 2024 година, анкетата за квалитетот на наставничкиот и соработничкиот кадар УКИМ почна да се спроведува преку системот i-know во електронска форма. Во зимскиот семестар анкетата се спроведе во периодот 9-29 декември 2025 година, додека во летниот семестар е предвидено да се спроведе во периодот 4-26 мај 2026 година. Анкетата се спроведува за секој предмет одделно, на сите три циклуси на студии за учебната 2025/2026 година. Пополнувањето на анкетата е задолжително за сите студенти.

Покрај анкетата за квалитет на наставничкиот и соработничкиот кадар, почнувајќи од 2024 година, воведена и анкета за општите услови за студирање, која е исто така задолжителна за сите студенти и се спроведува електронски преку системот i-know на крајот од летниот семестар. За учебната 2025/2026 година, предвидено е истата да се спроведе во периодот од 27.5-10.6.2026 година.

**Систем за квалитет на ФЗНХ**

Врз основа на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација и Правилникот за обезбедување квалитет на УКИМ, во 2024 година се воспостави нова структура надлежна за обезбедување квалитет, која функционира на ниво на универзитет и на ниво на единица. На универзитетско ниво е воспоставен Центар за квалитет, како внатрешна организациона единица на УКИМ. Во рамките на Центарот за квалитет функционираат Совет за квалитет и Комисија за самоевалуација. На ниво на факултет, покрај постојната Комисија за самоевалуација воспоставен е и Совет за квалитет.

Покрај обврската за спроведување на анкета за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар предвидена во член 55 од ЗВО, во 2024 година, УКИМ воведе поширок дијапазон на анкети кои овозможуваат посеопфатно следење на квалитетот на универзитетот. Имено, покрај анкетата за квалитетот на

наставниот и соработничкиот кадар, за студентите е воведена и анкета за општите услови за студирање. Дополнително, воведени се и анкети за вработените на универзитетот, односно анкета за општите услови за работа на наставниот кадар и анкета за општите услови за работа на стручно-административниот кадар.

Анкетата за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се спроведува за секој предмет одделно, на сите три циклуси на студии, за секоја учебна година, на крајот на семестарот. Анкетата за општите услови за студирање, анкетата за општите услови за работа на наставниот кадар и анкетата за општите услови за работа на стручно-административниот кадар се спроведуваат еднаш годишно/во секоја учебна година. Резултатите од сите спроведени анкети задолжително се вклучуваат во извештајот за самоевалуација.

Согласно воспоставениот систем за квалитет на УКИМ и Правилникот за обезбедување квалитет на УКИМ, почнувајќи од 2024 година, постапката за самоевалуација почна да се спроведува координирано на сите единици на УКИМ.

Врз основа на изготвениот извештај за самоевалуација на ФЗНХ за 2023/2024 година, Советот за квалитет на ФЗНХ утврди дека сите 9 стандарди за квалитет предвидени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација се целосно исполнети. Што се однесува до индикаторите преку кои се оценува исполнетоста на стандардите за квалитет, Советот утврди дека од вкупно 58 индикатори, 43 се целосно исполнети, а 15 се делумно исполнети. Со цел отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста на Факултетот, Советот за квалитет до ННС предложи Годишен акциски план за 2024/2025 година во кој беа предвидени вкупно 28 мерки, од кои најголем дел (околу 90%) беа целосно исполнети заклучно со 30.09.2025 година. Врз основа на Годишниот акциски план и во координација со претседателот на Советот за квалитет, деканот на ФЗНХ поднесе Годишен извештај за реализација на акцискиот план за 2024/2025 година, кој беше усвоен од ННС на ФЗНХ на 2. вонредна седница одржана на 27.08.2025 година. Усвоениот извештај беше потоа доставен до Советот за квалитет на УКИМ за мислење.

Согласно воспоставениот систем за квалитет на УКИМ и зададените рокови од Советот за квалитет на УКИМ, Советот за квалитет на ФЗНХ предложи нов акциски план за 2025/2026 година во кој се предвидени вкупно 14 конкретни мерки за подобрување и унапредување на дејноста на факултетот. Годишниот акциски план за 2025/2026 година беше усвоен на 14. седница на ННС, одржана на 30.09.2025 година.

**Активности на комисијата за спорт и студенти**

Комисијата во извештајниот период одржа 3 редовни состаноци, на кои меѓу другото, беа разгледани потребите на студентите во делот на спортските и културните активности. Од страна на комисијата во изминатиот период беа разгледани извештаи од реализирани проектни активности од програмите на ИКСА за 2025 година, како и учество во изготвување предлог-проекти до Комисијата за спорт и културни активности при УКИМ од програмите на ИКСА за нови проектни активности од истата програма за 2026 година. Исто така, Комисијата ги имаше следните активности:

1. Организација на студентите за учество на АГРОНОМИЈАДА 2025, во Зрче, Република Хрватска (мај, 2025 година);
2. Организирање Таи Чи Чуан во просториите на ФЗНХ, со бесплатно учество за вработените и студентите на ФЗНХ;
3. Организирање јога вежби во просториите на ФЗНХ, со бесплатно учество за вработените и студентите на ФЗНХ;
4. Учество на Виз Ер Скопски маратон 2025 година;
5. Организирање на турнири во шах, пинг понг, пикадо и табла за студенти и вработени по повод Јубилејот на УКИМ (декември, 2025);
6. Организирање на рекреативна тура до Водно (декември, 2025);
7. Во соработка со ПД „АГРОНОМ“ - Скопје, организирани се повеќе планинарски тури на различни локалитети во Македонија.
8. Предлог за учество на Виз Ер Скопски маратон 2026 година;
9. Организација на студентите за учество на АГРОНОМИЈАДА 2026.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

**Активности на Комисијата за наука**

Во извештајниот период, Комисијата за наука одржа две редовни седници, на кои беа разгледани следните точки:

1. Предлог проект со наслов „Пчелите како биоиндикатори и вектори на информации: Интегрирана анализа на полен и скрининг на локални сорти земјоделски култури за детекција на еколошки ризици и растителни патогени – Апискрин“, главен истражувач, Проф. д-р Александар Узунов, по КОНКУРС од МОН за распределба на средства за финансирање на научно - истражувачки проекти на државните универзитети -факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година, со предлог Одлука до ННС на ФЗНХ за прифаќање.
2. Предлог проект со наслов „Проценка на подобрувањето на полифенолниот и минералниот состав на лебното брашно со додавање на екстракти од лушпа од кромид: Аналитички пристап“, и

главен истражувач Проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска, по КОНКУРС од МОН за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година, со предлог Одлука до ННС на ФЗНХ за прифаќање.

3. Предлог проект со наслов „Паметно земјоделство за прилагодување кон климатските промени“, и главен истражувач Проф. д-р Ордан Чукалиев, по КОНКУРС од МОН за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година, со предлог Одлука до ННС на ФЗНХ за прифаќање.
4. Предлог проект со наслов „Интегрирани паметни иновативни решенија за одрживо земјоделство“, и главен истражувач Проф. д-р Александра Мартиновска-Стојческа, по КОНКУРС од МОН за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација), со предлог Одлука до ННС на ФЗНХ за прифаќање.
5. Предлог проект со наслов „Паметно планирање во земјоделството: Интегрирана дигитална поддршка за оптимизација, инвестиции, ефикасно производство и економска одрживост на производството“, и главен истражувач Проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска, по КОНКУРС од МОН за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен научен и јавен интерес за 2025 година (поддршка на соработката помеѓу академскиот и бизнис секторот во рамки на паметната специјализација), со предлог Одлука до ННС на ФЗНХ за прифаќање.
6. Предлог-одлука за доделување на средства за финасирање на научно-истражувачки проекти за 2025/2026 година под наслов: „Причини за намалената чувствителноста на Alopecurus myosuroides на POST-em аплицирните ALS и ACCase хербициди во стрнишите жита во Р. С. Македонија“, раководител проф. д-р Звонко Пацановски. Проект финансиран од Интегративните средства на УКИМ- Скопје за 2025/2026 година.

Од особено значење е и фактот дека во извештајниот период факултетот спроведе избори за Дописен член на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), од областа на биотехнички науки, на кои беше избран проф. д-р Александар Узунов за дописен член на МАНУ.

**Научноистражувачка и апликативна дејност**

Научноистражувачката и апликативната дејност претставуваат еден од најзначајните сегменти во работењето на Факултетот за земјоделски науки и

храна - Скопје и клучен предуслов за остварување на неговата мисија како современа високообразовна и научноистражувачка институција. Континуираното унапредување на научноистражувачките активности, развојот на иновативни решенија и нивната практична примена во земјоделскиот сектор придонесуваат не само за создавање нови научни сознанија, туку и за јакнење на соработката со јавниот и приватниот сектор, обезбедување дополнителни финансиски средства и зголемување на општественото влијание на Факултетот.

Во текот на извештајниот период, Факултетот активно учествуваше во подготовка и реализација на научноистражувачки и апликативни проекти финансирани од домашни и меѓународни извори. На конкурсот за финансирање на научноистражувачки проекти од интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за академската 2025/2026 година беше одобрен проектот „Причини за намалената чувствителност на *Alopecurus myosuroides* на POST-em аплицирани ALS и ACCase хербициди во стрнишните жита во Република Северна Македонија“, под раководство на проф. д-р Звонко Пацаноски, при што започна реализацијата на проектните активности со истражувачите од Институтот за заштита на растенијата и земјоделска техника.

Во извештајниот период продолжи реализацијата на проектот „Развој и примена на течни ѓубрива за фертиригација во земјоделството“, финансиран од АЛКАЛОИД АД – Скопје, чиј главен истражувач е проф. д-р Вјекослав Танасковиќ. Истовремено, започна реализацијата на новиот научноистражувачки проект „Циркуларно земјоделство преку искористување на органски отпад и дигестат“, финансиран од Хелветас – Швајцарска Интеркооперација, со координатор проф. д-р Билјана Кузмановска. Факултетот продолжи и со реализацијата на проектот поддржан од ФАО „Анализа на социо-економското влијание од имплементацијата на Националната програма за консолидација на земјоделското земјиште“, како и со подготовка на нови проектни апликации, меѓу кои и апликацијата до Министерството за животна средина и просторно планирање за финансирање на програми и проекти од областа на животната средина.

Особено значаен успех во извештајниот период претставува одобрувањето на научноистражувачкиот проект „Паметно земјоделство за прилагодување кон климатските промени“, финансиран од Министерството за образование и наука, со главен истражувач проф. д-р Ордан Чукалиев. Реализацијата на проектот е предвидена до октомври 2026 година.

Покрај научноистражувачките проекти, Факултетот продолжи со успешно реализирање на бројни апликативни активности од јавен интерес. Како овластена институција за вршење стручни задачи во областа на сточарството, активно учествуваше во спроведувањето на Програмата за биолошка разновидност во сточарството за 2025 година, финансирана преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, при што беше потпишан и договор за реализација на активностите во 2026 година. Воедно,

беше потпишан нов договор за продолжување на мониторингот на приоритетните карантински штетни организми, а континуирано се реализираа и активностите поврзани со јавното овластување за чување и одржување на семенски и саден материјал од земјоделски растенија (ген-банка), кои се спроведуваат на Опитното поле на Факултетот.

Во рамките на својата апликативна дејност, Факултетот остваруваше интензивна соработка со државните институции, стопанството и земјоделските производители преку обезбедување стручни и лабораториски услуги, меѓу кои: контрола на семенски посеви и насади, анализи на почви, ѓубрива, храна за животни, семенски материјал, вино и алкохолни пијалаци, млеко и млечни производи, тутун и тутунска суровина, хемиски анализи на примарни земјоделски производи и нивни преработки, советодавни услуги, експертизи и други стручни услуги.

Посебно внимание беше посветено на одржувањето и унапредувањето на системот за квалитет на лабораториската работа. Во извештајниот период Факултетот успешно ја реализираше надзорната оцена на акредитираните лаборатории и методи од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, при што беше потврдена акредитацијата за вкупно 52 методи, со важност од февруари 2026 година.

Во делот на научното издаваштво, Факултетот го задржа континуитетот во издавањето на меѓународното научно списание *Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences (JAFES)*, преку редовно објавување на двете планирани изданија, придонесувајќи кон афирмација на научноистражувачката работа и меѓународната видливост на Факултетот.

Како дел од својата определба за поттикнување на младите истражувачи и развојот на научниот подмладок, Факултетот активно ја поддржа организацијата на традиционалната Студентска смотра, која оваа година се одржа по шеснаесетти пат, како и Втората смотра на средношколски трудови, на која учествуваа голем број средни училишта од Република Северна Македонија. Со овие активности дополнително се поттикнува интересот за научноистражувачката работа кај младите и се зајакнува поврзаноста на Факултетот со образовниот систем и пошироката општествена заедница.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### Активности на Комисија за меѓународна соработка

Во текот на извештајниот период, меѓународната соработка претставуваше една од клучните стратешки области на дејствување на факултетот, насочена кон унапредување на научноистражувачката работа, интернационализацијата и јакнењето на меѓународната препознатливост на

институцијата. Активностите беа фокусирани на подготовка и поднесување на апликации за меѓународни научноистражувачки проекти, поттикнување и реализација на мобилностите на наставниот кадар и студентите, проширување на институционалната соработка со сродни високообразовни и научноистражувачки институции од Европа и пошироко, како и интензивирање на академската размена преку гостувања на истакнати странски професори и научници.

Покрај тоа, во текот на извештајниот период беа воспоставени нови партнерства и склучени договори за меѓународна соработка, беше обезбедено активно учество и коорганизација на меѓународни научни конференции и други академски настани, како и организација на предавања, обуки и други активности од меѓународен карактер. Со овие активности Факултетот дополнително ги зацврсти своите позиции во европскиот простор на високото образование и научноистражувачката работа, создавајќи нови можности за развој на наставниот кадар, истражувачите и студентите.

Особено се издвојуваат успешната организација на **Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF 2025)**, како и започнувањето на процесот за пристапување на Факултетот во две значајни европски академски мрежи, **ICA (Association for European Life Science Universities) и CASEE (The ICA Regional Network for Central and South Eastern Europe)**, што претставува важен чекор кон понатамошна интернационализација и продлабочување на меѓународната соработка. Воедно, беше организирана и обука за подготовка на предлог-проекти во рамките на програмата „Хоризонт Европа“, со цел јакнење на институционалните капацитети за успешно учество во конкурентните европски програми за финансирање на истражување и иновации.

Во текот на извештајниот период, Комисијата за меѓународна соработка одржа три редовни седници, на кои континуирано се следеше динамиката на пријавените, одобрените и тековните меѓународни проекти, како и се разгледуваа други прашања за понатамошно унапредување на меѓународната позиционираност на факултетот.

Во продолжение на извештајот се презентирани подетални информации за реализираните активности, постигнатите резултати и остварените меѓународни партнерства во текот на извештајниот период.

**Меѓународни научноистражувачки проекти**

Во делот на подготовката и пријавувањето на меѓународни научноистражувачки проекти, во текот на извештајниот период континуирано се реализираа активности насочени кон информирање, советување и поддршка на наставно-научниот кадар. Сите релевантни информации што пристигнуваа до Канцеларијата за меѓународна соработка, поврзани со отворени повици за

финансирање, можности за учество во меѓународни конзорциуми, вебинари и обуки за подготовка и управување со меѓународни проекти, како и други информации од значење за областа на земјоделските науки, беа навремено дистрибуирани до академскиот кадар на факултетот.

Овие активности значително придонесоа за зајакнување на институционалните капацитети за подготовка на конкурентни проектни апликации, унапредување на интернационализацијата на научноистражувачката работа и зголемување на вклученоста на факултетот во европскиот истражувачки простор.

Како резултат на овие активности, во координација со Канцеларијата за меѓународна соработка, беа поднесени вкупно **14 проектни апликации** на европски програми за финансирање, што претставува **зголемување од 75%** во однос на бројот на поднесени апликации во претходната извештајна година. Од нив, пет апликации беа поднесени во рамките на програмата Horizon Europe, осум во рамките на програмата Erasmus+, а една апликација во рамките на програмата EIT Food.

Покрај подготовката на нови проектни апликации, факултетот во извештајниот период активно реализира **14 меѓународни научноистражувачки проекти**, финансирани од различни европски и меѓународни донатори. Од нив, пет проекти се финансирани преку програмата **Horizon Europe**, два проекта преку програмата **Erasmus+**, два проекта се поддржани од **Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA)**, додека по еден проект се финансирани од **Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (FAO)**, **Центарот за меѓународна соработка и развој на Република Словенија (CMSR)**, **UN Women**, **Националниот центар за земјоделство и храна на Словачка (National Agricultural and Food Centre)** и **Biodiversity International**.

Континуираниот раст на бројот на проектни апликации и активни меѓународни проекти претставува јасен показател за зголемената научноистражувачка активност, успешно воспоставените меѓународни партнерства и сè поизразената конкурентност на факултетот во европскиот истражувачки простор.

Во табелата подолу се дадени подетални информации за тековните меѓународни проекти кои се реализираат во рамки на извештајниот период.

**Табела 1. Активни меѓународни проекти во период 1.5.2025 – 30.4.2026 година**

| Ред. бр. | Акроним/назив на проектот | Раководител на проектот | Програма од која се финансира | Статус на проектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | DIVAGRI | Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ | H2020-SFS-2018-2020 / H2020-SFS-2020-2 | Активен |
| 2 | BEEGUARDS | Проф. д-р Александар Узунов | HORIZON-CL6-MAN-2022-00-00 | Активен |
| 3 | BEAMING | Проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска | HORIZON-WIDERA-2023-ACCESS-03 | Активен |
| 4 | AGRO-WELL | Проф. д-р Душица Санта | HORIZON-CL6-2024-GOVERNANCE-01 | Активен |
| 5 | INOFEIT EDIH (како дел од единици на УКИМ учесници во проектот) | Проф. д-р Миле Маркоски | Digital Europe Programme (DIGITAL) | Активен |
| 6 | HEAL-IN-ONE | Проф. д-р Катерина Беличовска | Erasmus+, KA220 | Активен |
| 7 | CAAIVE | Проф. д-р Миле Маркоски | ERASMUS-EDU-2025-PEX-COV | Активен |
| 8 | Socio economic impact assessment for the implementation of the National Land Consolidation Programme in Egri | Проф. д-р Ана Симоновска | FAO | Имплементиран во текот на периодот |
| 9 | Empowering Digital Agriculture: Modernization, Education, and Sustainable Development in North Macedonia | Проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска | CMSR | Активен |
| 10 | Bridging the gap: Advancing women's access to agricultural support measures | Проф. д-р Марина Нацка | UN Women | Имплементиран во текот на периодот |
| 11 | EURISCO for Crop Wild Relatives (CWR) in situ data and preparation of pilot countries' data sets | Проф. д-р Мирјана Јанкуловска | Bioversity International | Активен |
| 12 | Development Support Programme in Food Composition Area for Central and Eastern Europe and Central Asia | Проф. д-р Душица Санта | National Agricultural and Food Centre | Активен |
| 13 | Enhancing productivity and resilience to climate change of major food crops in Europe and Central Asia, RER5024 | Проф. д-р Мирјана Јанкуловска | IAEA | Активен |
| 14 | Improving Efficiency in Water and Soil Management", RER5028 | Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ | IAEA | Активен |

**Мобилност на наставно-научен кадар и студенти**

Во текот на овој извештајен период, како и во претходните периоди меѓународната соработка продолжи да се реализира и преку остварување мобилност на наставно-научниот кадар и студентите од нашиот факултет.

- **Програма CEEPUS**

Во текот на извештајниот период продолжија активностите насочени кон унапредување на меѓународната мобилност на студентите и наставно-научниот кадар преку програмата CEEPUS, која претставува една од најзначајните регионални програми за академска размена во Централна и Југоисточна Европа. Факултетот континуирано работи на проширување на можностите за мобилност, активно учествувајќи во работата на меѓународните CEEPUS мрежи и поттикнувајќи учество на студентите и наставниците во програмата. Особено е значајно што бројот на доделени мобилности за наставно-научниот кадар е директно поврзан со бројот на реализирани студентски мобилности, што дополнително ја нагласува важноста од континуирано зголемување на студентското учество.

Во академската 2025/2026 година, Факултетот е активен член на следните три CEEPUS мрежи:

- Tourism and Agriculture Sustainable Alliances – #TASA Network (SI-1817-04-2627);
- Agriculture and Environment in the 21st Century – @groen (HU-0003-22-2627);
- Innovative Biosciences for Sustainable Agriculture in Southeast Europe (Umbrella Network) (SI-2023-02-2627).

Дополнително, во текот на извештајниот период беше иницирана подготовка на нова CEEPUS мрежа на тема „Local Food Systems“, под координаторство на Менделовиот универзитет во Брно, што претставува уште еден чекор кон проширување на можностите за академска соработка и мобилност.

Како резултат на активното учество во програмата, во академската 2025/2026 година беше реализирана една мобилност на наставно-научен кадар, при што доц. д-р Ивана Ангелова престојуваше на Факултетот за агробиотехнички науки при Универзитетот „Јосип Јурај Штросмајер“ во Осијек, Република Хрватска.

Во делот на студентските мобилности, беа одобрени три мобилности за студентите Марија Тодоровска, Сара Манасиевска и Костадин Николовски, со што продолжи позитивниот тренд на зголемено учество на студентите во програмите за академска размена.

Во рамките на програмата CEEPUS, Факултетот активно учествуваше и во подготовката и организацијата на две меѓународни летни школи, чија реализација е предвидена во наредниот извештаен период:

- „Multi-level Drought Monitoring and Precision Irrigation Management“, која ќе се одржи во Љубљана, Република Словенија, во периодот 24–29 август 2026 година;
- „From Soil Health to Human Health“, која ќе се реализира во периодот 4–7 јули 2026 година.

Покрај излезните мобилности, во текот на извештајниот период беа реализирани и три дојдовни мобилности на наставно-научен кадар во рамките на програмата CEEPUS, при што Факултетот беше домаќин на следните професори:

- Проф. д-р Марко Петек – Агрономски факултет, Универзитет во Загреб;
- Проф. д-р Томислав Каражија – Агрономски факултет, Универзитет во Загреб;
- Проф. д-р Лазар Павиќ – Факултет за логистика, Универзитет во Марибор.

Континуираното учество во CEEPUS програмата придонесува за јакнење на интернационализацијата на Факултетот, унапредување на квалитетот на наставниот процес, развој на заеднички академски активности и воспоставување нови партнерства со сродни високообразовни институции во регионот.

- **Програма ЕРАЗМУС+**

Покрај програмата CEEPUS, наставно-научниот кадар и студентите на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје имаат можност да реализираат мобилности и преку програмата Erasmus+, која претставува една од најзначајните европски програми за академска размена и меѓународна соработка. Во текот на извештајниот период продолжија активностите за обновување на постојните билатерални договори склучени во рамките на програмскиот период 2014–2020, со цел нивно усогласување со новиот програмски циклус 2021–2027 и создавање услови за континуирана реализација на мобилности.

Во однос на мобилностите на наставно-научниот кадар, и понатаму е присутен предизвик поврзан со ограничениот број на расположливи мобилности што Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги добива во рамките на програмата Erasmus+. Поради големиот број факултети и институти во состав на Универзитетот, секоја единица располага со ограничен број мобилности, најчесто една мобилност по академска година, што претставува ограничувачки фактор за поголемо учество на наставно-научниот кадар во програмата.

И покрај овие ограничувања, во академската 2025/2026 година на наставно-научниот кадар од Факултетот му беа доделени две Erasmus+

мобилности. Проф. д-р Станислава Лазаревска ќе реализира мобилност на Факултетот за агробиотехнички науки при Универзитетот „Јосип Јурај Штросмајер“ во Осијек, Република Хрватска, додека доц. д-р Ивана Ангелова реализираше мобилност на Биотехничкиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Република Словенија.

Истовремено, и во текот на овој извештаен период беше забележан значително поголем број дојдовни мобилности на странски наставници во рамките на програмата Erasmus+, во споредба со излезните мобилности на наставниот кадар. Најголем дел од гостувањата беа реализирани од професори од партнерските универзитети во Република Бугарија и Република Хрватска, кои остварија краткорочни академски престои на факултетот, придонесувајќи кон унапредување на наставниот процес, размена на академски искуства и продлабочување на меѓуинституционалната соработка.

Во делот на студентската мобилност, во академската 2025/2026 година беше реализирана една Erasmus+ мобилност. Студентот Петре Димчевски престојуваше на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Белград, Република Србија, каде реализираше академска мобилност од еден семестар во согласност со целите на програмата.

И покрај ограничениот број на расположливи мобилности, Erasmus+ програмата и понатаму претставува значаен инструмент за интернационализација на факултетот, овозможувајќи размена на знаења, искуства и добри практики, јакнење на меѓународните партнерства и унапредување на квалитетот на наставниот и научноистражувачкиот процес.

- **Останата мобилност**

Покрај реализираните мобилности во рамки на програмите CEEPUS и Erasmus+, вработените на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје остварија академски и научноистражувачки престои и во рамки на други меѓународни програми и иницијативи. Подолу се прикажани дел од престоите за кои е доставена информација до Канцеларијата за меѓународна соработка. Сепак, потребно е да се има предвид дека значителен број на престои се реализираат и во контекст на различни проектни, истражувачки и билатерални активности, кои не секогаш се официјално евидентирани.

- **Проф. д-р Александар Узунов** реализираше научноистражувачки престој во академската 2025/2026 година на Кинеската академија за земјоделски науки, со цел придонес кон Кинеската програма за генетско подобрување на медоносната пчела и програмата за одржливо пчеларство.
- **Проф. д-р Ленче Велкоска-Марковска** учествуваше на семинар на тема *„Construction and Management of a Modern Circulation System for Agricultural Products for Belt and Road Initiative Countries“* во Кина.

- **Доц. д-р Игор Иљовски** учествуваше на семинар на тема *„Construction and Management of a Modern Circulation System for Agricultural Products for Belt and Road Initiative Countries“* во Кина.
- **Проф. д-р Катерина Беличовска** учествуваше на семинар на тема *„Agricultural Modernization and Economic Development in Belt and Road Countries“* во Кина.
- **Лаборант Билјана Стоиловска** учествуваше на семинар на тема *„Agricultural Modernization and Economic Development in Belt and Road Countries“* во Кина.
- **Проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска** реализираше научен престој на Универзитетот во Аликанте, Шпанија.

**Билатерална соработка со универзитети од Европа и светот**

Во текот на извештајниот период, Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје продолжи со интензивни активности насочени кон проширување и продлабочување на билатералната соработка со високообразовни, научноистражувачки и развојни институции од Европа и пошироко. Овие активности претставуваат значаен сегмент од процесот на интернационализација на fакултетот и се насочени кон воспоставување долгорочни стратешки партнерства кои ги надминуваат рамките на мобилностите во горенаведените програми.

Билатералната соработка во оваа смисла е насочена кон развој на заеднички наставни и научноистражувачки активности, поттикнување на академската размена на наставно-научниот, административниот и техничкиот кадар, поддршка на мобилноста на студентите на сите циклуси на студии, подготовка на заеднички научни публикации, како и развој и имплементација на заеднички меѓународни научноистражувачки проекти од заемен интерес.

Особено значаен резултат во текот на извештајниот период претставува потпишувањето на Меморандум за разбирање за соработка помеѓу Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје и **Leibniz Institute of Agricultural Development in Transition Economies (IAMO)**, Германија. Во рамките на ова партнерство веќе започнаа подготовките за организација на заедничка меѓународна летна школа, која ќе се одржи во Охрид во септември 2026 година и ќе претставува прва заедничка активност во рамките на нововоспоставената соработка.

Покрај тоа, во извештајниот период беа иницирани активности за воспоставување нови институционални партнерства со **Унгарскиот универзитет за земјоделство и науки за животот (Hungarian University of Agriculture and Life Sciences – MATE)**, како и со **EMBRAPA (Brazilian Agricultural Research Corporation)** од Федеративна Република Бразил, една од

водечките светски научноистражувачки институции во областа на земјоделството.

Со воспоставувањето на овие нови партнерства, Факултетот дополнително ја зајакнува својата меѓународна позиционираност, создава нови можности за интердисциплинарна и меѓународна научна соработка, развој на заеднички истражувачки проекти, размена на знаења и добри практики, како и унапредување на квалитетот на наставниот и научноистражувачкиот процес.

**Визитинг професори**

Во рамките на своите приоритети за интернационализација и континуирано унапредување на квалитетот на наставниот процес, Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје посветува особено внимание на вклучувањето на реномирани странски професори во реализацијата на наставните активности. Ангажирањето на визитинг професори овозможува размена на современи научни сознанија, добри академски практики и меѓународни искуства, придонесувајќи за збогатување на наставните содржини и зајакнување на меѓународната соработка.

За академската 2025/2026 година, Наставно-научниот совет на Факултетот донесе предлог-одлука за ангажирање визитинг професори, која беше усвоена со согласност од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Согласно донесените одлуки, беа ангажирани следните визитинг професори:

- **Проф. д-р Хосеин Азади**, Универзитет во Гент, Белгија – визитинг професор на Институтот за животна средина, на прв циклус студии.
- **Проф. д-р Фотис Пападемас**, Универзитет за технологија на Кипар – визитинг професор на Институтот за анимална биотехнологија, на прв циклус студии.
- **Проф. д-р Андреас Дрихутис**, Земјоделски универзитет во Атина, Грција – визитинг професор на Институтот за агроекономика, на прв циклус студии.
- **Проф. д-р Јака Жгајнар**, Биотехнички факултет, Универзитет во Љубљана, Словенија – визитинг професор на Институтот за агроекономика, на прв циклус студии.

Ангажирањето на овие професори претставува значаен придонес кон интернационализацијата на наставата и јакнењето на академската извонредност на факултетот. Преку нивното учество во наставниот процес, студентите добиваат можност да стекнат знаења и искуства засновани на најсовремените научни достигнувања и европските практики, а истовремено се продлабочува соработката со престижни странски високообразовни институции

и се создаваат услови за развој на нови заеднички образовни и научноистражувачки иницијативи.

**Меѓународни конференции**

Во доменот на меѓународната научна соработка, особено значајно е учеството на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, како коорганизатор на низа меѓународни научни конференции, со што активно придонесува кон унапредување на академскиот дијалог и размена на знаење на регионално и европско ниво.

Овие активности го потврдуваат континуираното стратешко позиционирање на Факултетот како релевантен партнер во меѓународната научна и стручна заедница. Во текот на извештајниот период, Факултетот се јавува како коорганизатор на следниве научни собири:

- **60. Хрватски и 20. Меѓународен симпозиум на агрономи**, во организација на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Загреб и Факултетот за агробиотехнички науки при Универзитетот „Јосип Јурај Штросмаер“ од Осиек, одржан во февруари 2025 година, на Бол на Брач, Хрватска.
- **XIV Меѓународен симпозиум за земјоделски науки – AgroRes**, одржан во мај 2025 година во Требиње, Босна и Херцеговина, со континуирано учество на наставно-научниот кадар во програмскиот одбор.
- **XV Меѓународен симпозиум за земјоделски науки – AgroRes**, планиран за мај 2026 година во Требиње, Босна и Херцеговина, со континуирано учество на наставно-научниот кадар во програмскиот одбор.
- **Четврта меѓународна конференција за одржливи земјоделски системи – 2026**, организирана од Факултетот за земјоделство и биотехнологија при Универзитетот во Тетово, Република Северна Македонија, со коорганизаторско учество на нашиот Факултет, со активно учество на наставно-научниот кадар во програмскиот одбор.
- **X Меѓународна научна конференција на тема „Agricultural and Rural Outlooks and Policy Dimensions“**, одржана во октомври 2025 година, во соработка со Институтот за агроекономика од Софија, Бугарија, со активно учество на наставно-научниот кадар во организацискиот и програмскиот одбор.

Исто така, во текот на извештајниот период, наставно-научниот и соработничкиот кадар учествуваше на низа меѓународни конференции.

**Петти меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF2025**

Како најстара и водечка институција во областа на земјоделските науки и храната, Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, оваа година одбележа 78 години од своето постоење. Во долгогодишното работење на Факултетот, особено значајни се научните достигнувања, применетите истражувања и трансферот на знаења и технологии, што од друга страна придонесоа институциите, како и бизнис секторот од областа на земјоделството и храната, да го достигнат денешното ниво на развој и успешно да конкурираат на домашниот и на странските пазари.

За да ја продолжиме својата посветеност во презентирање на најновите достигнувања во науката и практиката во областа на земјоделските науки и храната, вклучително најновите предизвици во однос на зелената транзиција и дигитализацијата, а со цел да бидат запознаени не само земјоделските производители и бизнисите, како директни корисници на овие новини, туку и институциите и целата научна и стручна јавност, во периодот од 8 до 10 октомври 2025 година Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје го организираше Петтиот Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна – ISAF 2025, во Охрид.

Меѓународниот симпозиум за земјоделство и храна (ISAF) и оваа година беше еден од најпосетуваните меѓународни конгреси во регионот, на кој учество земаа 325 учесници, претставници од науката, од бизнис заедницата, институциите, како и земјоделските производители, и тоа не само од регионот туку и пошироко од Европа и светот и кој во својата програма покрај научните трудови секогаш посветува простор за дискусија на најзначајните теми за развојот на земјоделско-прехранбениот сектор. Во својата долгогодишна традиција, факултетот има организирано низа конференции на конкретни теми, но почнувајќи од 2012 година сите одделни конференции се обединети во форма на Симпозиум кој всушност придонесува кон запознавање на научната и стручната јавност со сите прашања од значење на развојот на земјоделско-прехранбениот сектор во земјата.

Основните цели на Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF 2025) се:

- Продолжување на традицијата и посветеноста на Факултетот за земјоделски науки и храна-Скопје во презентирање на најновите достигнувања во науката и практиката од областа на земјоделските науки и храната;
- Воспоставување на научно-истражувачка соработка од областа на земјоделските науки и храната помеѓу академската заедница во регионот и пошироко;
- Вмрежување на истражувачите со останатата академска заедница од областа на земјоделството, но и со останатите учесници на Петтиот Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF

2025), претставници од различни сектори што делуваат во областа на развојот на земјоделството и руралните средини;

- Публикување на научните достигнувања, со цел да се користат од страна на пошироката академска заедница и од сите засегнати страни, и тоа во: 1) Зборникот на апстракти, уреден од страна на Научниот уредувачки одбор на 5-от Меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF 2025).
- Поврзување на академската заедница со бизнис секторот;
- Поврзување на бизнис заедницата и тоа преку организирање на специјален настан наменет за бизнис заедницата во соработка со ЕДИХ.

Покрај основната целна група – академската заедница од земјава, регионот и пошироко - резултатите од овој симпозиум се споделени и со останатите чинители што делуваат во областа на развојот на земјоделството и руралните средини, вклучувајќи ги претставниците на приватниот сектор, владините институции, меѓународните организации, невладиниот сектор и сл. На овој симпозиум учествуваа повеќе од 300 учесници од академската заедница, 20 претставници на бизнис заедницата, околу 25 претставници на владините институции и невладиниот сектор.

Во рамките на Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна, беа реализирани серија на паралелни настани (презентирани во оригинален назив), надополнети со следните активности:

- 41st Faculty-Economy Meeting
- 14th International Conference of the Association of Agricultural Economists of the Republic of North Macedonia (AAEM)
- Meeting of the Association of Faculties of Agricultural Sciences of South Eastern Europe
- 10th Balkan Animal Sciences Conference BALNIMALCON 2025
- General Assembly of Agro-Well – Horizon Europe Project
- Beyond the leaf: Innovation, Research & Regulation - Philip Morris Panel Discussion
- Biobased Technologies for Climate-Resilient Farming: The DIVAGRI Project Approach
- AgriFood Business x EDIH: Innovate, Connect, Transform

На овој настан беа презентирани најновите и фундаментални достигнувања во полето на одржливото земјоделство и производството на храна што треба понатаму да придонесат кон развојот на целиот агро-индустриски комплекс. Имајќи предвид дека на настанот учествуваа претставници од академската заедница од различни земји, симпозиумот придонесе и кон зајакнување и интензификација на соработката во научно-истражувачката дејност помеѓу истражувачите, инженерите и практичарите, но и кон

споделување  на нивните научни идеи и искуства со сите чинители во земјоделско-прехранбениот сектор.

Понатаму, апстрактите од сите научни трудови се објавени во Зборник на апстракти достапен во електронска форма. Вредно да се истакне е дека на симпозиумот беа пријавени 218 апстракти од 24 земји од регионот, Европа и светот

На симпозиумот учествуваа повеќе од 300 учесници, а беа презентирани научни трудови во вкупно 11 секции, од претставници од академската заедница од различни области во земјоделските науки, приватниот сектор, државните институции, меѓународните организации, невладиниот сектор итн.. Дополнително околу 20 претставници на бизнис заедницата земаа активно учество со свое изложување на Саемот за бизнис заедницата.

**Останати активности од меѓународен карактер**

Меѓународната соработка на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје се поттикнува и преку професорите на Факултетот кои делуваат како национални контакт лица или членови на програмските комитети во програмите на Европска Унија. Во таа насока, значајно да се истакне е дека Проф. д-р Зоран Поповски е избран за потпретседател на управниот одбор на COST, а тројца професори од нашиот факултет делуваат како контакт лица други програми од Европска Унија, и тоа проф. д-р Марина Нацка, национално контакт лице на програмата Horizon Europe, Cluster 6-Food, Bioeconomy, Natural Resources, Agriculture and Environment; проф. д-р Миле Маркоски, член на програмски комитет на програмата Horizon Europe, Cluster 6-Food, Bioeconomy, Natural Resources, Agriculture and Environment; и проф. д-р Александра Мартиновска Стојческа, национално контакт лице на програмата Marie Skłodowska-Curie Actions (MSCA) на ЕУ.

Како национални контакт лица, професорите учествуваа на редовни состаноци и настани за програмите, одржани во земјата и странство.

**Асоцијација на факултети за земјоделски науки од Југоисточна Европа**

Во континуитет со активностите реализирани во претходните извештајни периоди, во текот на овој извештаен период беа преземени значајни чекори за понатамошно институционално зајакнување на Асоцијацијата на факултетите за земјоделски науки од Југоисточна Европа. Во таа насока, беше отворена официјална банкарска сметка на Асоцијацијата и донесена одлука за воведување и уплата на членарина, со што се создадоа предуслови за нејзино одржливо финансиско функционирање и понатамошен развој.

Планираните активности и идните насоки на развој беа презентирани на редовниот состанок на Асоцијацијата, кој се одржа во Чачак, Република Србија,

при што беа разгледани можностите за продлабочување на регионалната академска соработка и иницирање нови заеднички активности.

Под раководство на претседателот на Асоцијацијата, проф. д-р Вјекослав Танасковиќ, беше изработена и усвоена Програмата за работа на Асоцијацијата, со која се дефинираат приоритетите и активностите за наредниот период. Како една од првите активности во рамките на оваа програма, започна организацијата на првата регионална летна школа, која ќе се реализира на Биотехничкиот факултет при Универзитетот во Љубљана.

Реализацијата на овие активности претставува значаен исчекор во институционалното јакнење на Асоцијацијата и во унапредувањето на регионалната соработка меѓу факултетите од областа на земјоделските науки. Истовремено, тие отвораат нови можности за развој на заеднички образовни програми, научноистражувачки проекти, мобилност на наставници и студенти, како и за поинтензивно вмрежување на академската заедница во регионот.

**Членство во други асоцијации и мрежи**

Во текот на извештајниот период факултетот заедно со Универзитетот ги иницираше активностите за пристапување на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во две особено значајни европски мрежи, со што ќе се овозможи поинтензивен процес на интернационализација.

Во таа насока, започнаа активностите за пристапување во **ICA (Association for European Life Science Universities)** која претставува асоцијација која обединува повеќе од 50 универзитети од земјите членки на Европската Унија и соседните држави во рамките на Европскиот простор за високо образование (European Higher Education Area – EHEA). Универзитетите членки се профилирани во областа на животните науки, со посебен акцент на циркуларната биоекономија, земјоделството, шумарството, синџирот на вредност на храната, биобазираната економија, одржливото управување со природните ресурси, зачувувањето на биолошката разновидност, заштитата на животната средина и руралниот развој.

Покрај ова, започнаа и активностите за пристапување на Универзитетот во **CASEE (The ICA Regional Network for Central and South Eastern Europe)** која претставува регионална мрежа на високообразовни институции од Централна и Југоисточна Европа, која функционира во рамките на ICA и ги обединува универзитетите и факултетите што работат во областа на науките за животот, со фокус на земјоделството, прехранбениот сектор, биотехнологијата, управувањето со природните ресурси, руралниот развој и заштитата на животната средина.

**Споделени информации за стипендии и тренинг програма наменети за студенти**

Во текот на извештајниот период редовно беа споделувани и информации за повици, стипендии наменети за студенти од прв, втор и трет циклус студии, како и за учество на обуки/летни школи од меѓународен карактер.

## ЗАСТАПУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ФАКУЛТЕТОТ

Застапувањето и раководењето со Факултетот во текот на извештајниот период се одвиваше во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна, Правилникот за внатрешните односи и работење, како и останатите нормативни акти на Факултетот. Управувањето со Факултетот се реализираше преку редовното функционирање на неговите органи и тела, пред сè преку работата и донесените одлуки на Наставно-научниот совет и Деканатската управа, обезбедувајќи законито, ефикасно и транспарентно работење на институцијата.

Застапувањето на Факултетот во органите и телата на Универзитетот се остваруваше преку активното учество на деканот, продеканите, сенаторите од Факултетот, како и членовите на универзитетските комисии и работни тела, со што беше обезбедено континуирано учество во процесите на донесување одлуки и креирање на универзитетските политики.

Воедно, Факултетот активно ја афирмираше својата институционална улога и на меѓународен план преку учество во работата на релевантни академски мрежи и асоцијации. Во текот на извештајниот период, Факултетот беше редовно претставуван на состаноците на Асоцијацијата на факултети за земјоделски науки на Југоисточна Европа, придонесувајќи кон продлабочување на регионалната академска соработка, размена на искуства и иницирање нови заеднички активности.

## РАБОТА НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ

Во текот на извештајниот период, Наставно-научниот совет на Факултетот одржа единаесет редовни седници, на кои се разгледуваа и се донесуваа одлуки од сите области на работењето на Факултетот, во согласност со законските прописи, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на Факултетот и останатите интерни акти.

Посебно внимание беше посветено на кадровската политика и професионалниот развој на наставно-научниот кадар. Во извештајниот период беа спроведени постапки за избор во наставно-научни звања, при што двајца наставници беа избрани во звањето доцент. Истовремено, започна постапката за избор во повисоко звање на последниот вработен во соработничко звање –

асистент, со што, по завршување на постапката, Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје нема да има вработено лица во соработничко звање. Ова претставува значаен показател за потребите од континуирано јакнење и унапредување на кадровскиот потенцијал на Факултетот.

Во областа на наставната дејност, Наставно-научниот совет донесе бројни одлуки насочени кон обезбедување квалитетна организација и непречено одвивање на наставниот процес. Во таа насока беа усвоени Календарот на активности за академската 2025/2026 година, распоредот на наставата за зимскиот и летниот семестар, испитните рокови, прегледот на ангажираноста на наставниците и соработниците на прв и втор циклус студии, како и одлуките поврзани со уписната политика, вклучително и формирањето на конкурсната комисија за запишување нови студенти и утврдувањето на уписните квоти за сите циклуси на студии. Советот, исто така, донесе одлуки за ангажирање визитинг-професори, стручњаци од практиката и демонстратори, како и за ангажирање наставници од Факултетот за реализација на наставата на други единици на Универзитетот и на странски високообразовни институции.

Во делот на финансиското работење, Наставно-научниот совет ги разгледа и усвои финансиските извештаи по завршната сметка за 2025 година, Годишниот финансиски план за 2026 година, како и Програмата за распределба на дел од средствата од партиципацијата за поддршка на наставната, научноистражувачката дејност и мобилноста на Факултетот во 2026 година.

Советот активно ги разгледуваше и прашањата поврзани со научноистражувачката дејност, при што беа донесени одлуки за прифаќање на завршните извештаи за проекти финансирани од Министерството за образование и наука и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, продолжување на роковите за реализација на тековни проекти, како и поднесување апликации на конкурси за научноистражувачки проекти финансирани од домашни и странски донатори. Воедно, беа спроведени постапки за издавање учебници и учебни помагала, како и постапки поврзани со изработка и одбрана на магистерски и докторски трудови.

Во насока на афирмација на научноистражувачката работа и меѓународната соработка, Наставно-научниот совет донесе одлуки за формирање на Почесниот организациски одбор, Научниот одбор и Секретаријатот на Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF 2025), како и одлуки за учество на Факултетот како организатор и коорганизатор на повеќе домашни и меѓународни конференции и научни собири.

Пред разгледувањето на седниците на Наставно-научниот совет, сите материјали и предлог-одлуки беа претходно разгледувани од надлежните органи и комисии на Факултетот, меѓу кои Деканатската управа, колегиумите и советите за втор и трет циклус студии, како и другите стручни комисии, со што беше обезбеден транспарентен, стручен и ефикасен процес на донесување одлуки.

По повод Денот на Факултетот – 16 Декември, во рамките на одбележувањето на 78 години од неговото основање, беше организирана Свечена седница како централен настан од повеќедневната програма. На свеченоста беа доделени благодарници на спонзорите и поддржувачите на Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF 2025), признанија на најдобрите дипломирани студенти од прв циклус студии во академската 2024/2025 година, како и беше одржано пленарно предавање од проф. д-р Александар Узунов на тема „Пчелите и пчеларството: научни аргументи наспроти митови". Одбележувањето беше реализирано под покровителство на Скопска Пивара АД – Скопје, долгогодишен партнер на Факултетот, каде студентите од Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје реализираат практична настава.

## РАБОТА НА ДЕКАНАТСКАТА УПРАВА

Во извештајниот период на Факултетот беа одржани 10 редовни и 2 вонредни седници на Деканатската управа. На седниците на Деканатската управа во извештајниот период беше донесена Одлука за спроведување редовен и вонреден попис на основните средства, ситниот инвентар, материјали на залиха, парични средства, побарувања, обврските и фондовите, се усвои План за јавни набавки за 2026 година на Факултетот, од буџетски и сопствени средства, Одлука за користење на средства за репрезентација на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, предлог Одлука за усвојување на извештај на програмата за реализирана распределба на дел од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање за 2025 година. Исто така, се разгледуваше и предлог-програма за распределба на дел од средствата од партиципација за развој на наставна, научноистражувачката дејност и мобилност на ФЗНХ во состав на УКИМ во Скопје, како и предлог-финансиски извештаи по завршна сметка за 2025 година и предлог-годишен финансиски план за 2026 година на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје. На седниците на Деканатската управа во извештајниов период беше донесена и Одлука за определување на надоместок за демонстратори за академската 2025/2026 година.

## РАЗВОЈ, ИНВЕСТИЦИИ И ЈАВНИ НАБАВКИ

Континуираното модернизирање на наставно-научната инфраструктура и создавањето современи услови за реализација на наставата и научноистражувачката работа остануваат меѓу стратешките приоритети на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје. Иако ограничените финансиски ресурси и понатаму претставуваат предизвик за реализација на поголеми капитални инвестиции, Факултетот и во текот на извештајниот период успешно обезбеди значителни средства од домашни и меѓународни извори, со

што продолжи процесот на модернизација на својата инфраструктура и опременост.

Во текот на извештајната година, преку капиталните инвестиции на Министерството за образование и наука, реализирани преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, беа обезбедени средства за:

- модернизација на системот за осветлување на Факултетот;
- набавка на земјоделска механизација (трактор и плуг) за потребите на наставниот процес и практичната работа на Опитното поле;
- набавка на современа компјутерска опрема;
- реализација на градежно-занаетчиски работи за реконструкција и реновирање на санитарните јазли.

Паралелно со овие инвестиции, преку меѓународни научноистражувачки проекти и средства обезбедени од донатори и институции, меѓу кои CMSR, GIZ, IAEA, Helvetas, ADRA Macedonia и Министерството за образование и наука, беше значително унапредена истражувачката инфраструктура на Опитното поле и лабораториите на Факултетот.

Во рамките на овие инвестиции беше набавена современа научноистражувачка и демонстрациска опрема, вклучувајќи дронови, системи за автоматско наводнување, мрежи за заштита, фотоволатици, агрометеоролошки станици, сензори, фотокамери, мамци за мониторинг на инсекти, дестилатор за азот, сет за земање почвени примероци, лабораториски ваги, калциметар, FTIR-спектрофотометар, пелетирка со мешалка, сушница, тример, дувалка, модерна табла и друга современа лабораториска и теренска опрема.

Обезбедувањето на оваа инфраструктура претставува значаен исчекор во модернизацијата на наставниот и научноистражувачкиот процес. Истовремено, се создаваат предуслови Опитното поле на Факултетот постепено да се развие во современ Living Lab, кој, покрај својата основна функција како база за практична настава и научноистражувачка работа, ќе претставува и демонстрациска и иновациска платформа за соработка меѓу академската заедница, стопанството, јавните институции и граѓанскиот сектор, во согласност со принципите на моделот на четворниот хеликс (Quadruple Helix).

Покрај ова, беа реновирани и дел од Лабораториите на факултетот (реновирање на под), и тоа Лабораторијата за лозарство и винарство, Лабораторијата за преработка на земјоделски производи, Лабораторијата за тутун, Лабораторијата за наводнување и Лабораторијата за анализа на храна за животни.

Реализираните инвестиции претставуваат значаен придонес кон зголемување на капацитетите на Факултетот за развој на современа, дигитализирана и иновативна настава, како и за спроведување конкурентни научноистражувачки активности и интензивирање на соработката со домашни и меѓународни партнери.

## СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ФАКУЛТЕТОТ

Во текот на извештајниот период, стручната и административната служба на Факултетот континуирано и навремено ги реализираше сите активности што произлегуваат од нејзините законски и институционални надлежности. Покрај редовното извршување на работните задачи утврдени со Правилникот за систематизација на работните места, Законот за високото образование и актите на Универзитетот и Факултетот, особено внимание беше посветено на следење и имплементација на законските измени и новите подзаконски акти, со цел обезбедување целосно усогласено, законито и ефикасно работење на институцијата.

Во согласност со Правилникот за внатрешна организација, стручната и административната служба е организирана во следните организациони единици:

- Одделение за општи и правни работи;
- Одделение за студентски прашања и библиотечно работење;
- Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење;
- Одделение за информатичка и компјутерска технологија.

Покрај редовните работни обврски, службата беше активно ангажирана и во реализацијата на бројни дополнителни активности што произлегуваат од барањата и насоките на Деканатот, Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Државниот завод за статистика, ресорните министерства, како и другите надлежни институции. Со својата навремена и професионална поддршка, стручната и административната служба даде значаен придонес за непречено функционирање на наставниот, научноистражувачкиот и административниот процес на Факултетот.

Во насока на континуирано унапредување на квалитетот на административното работење, за вработените беа организирани и обезбедени стручни обуки и форми на професионално усовршување, насочени кон јакнење на нивните знаења и компетенции. Континуираното вложување во развојот на човечките ресурси претставува една од стратешките определби на Факултетот, со што се обезбедува поквалитетна, поефикасна и потранспарентна административна поддршка во интерес на студентите, наставно-научниот кадар и сите корисници на услугите на Факултетот.

### Кадровски активности и стручни служби

Во текот на извештајниот период, кадровската политика остана едно од клучните прашања за понатамошниот развој на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје. И покрај континуираните кадровски предизвици со кои се соочуваат одделни институти и катедри, наставниот процес беше целосно и непречено реализиран, пред сè преку ангажманот на постојниот наставно-

научен кадар, со дополнителна поддршка од наставници ангажирани од други единици на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во насока на обезбедување подобри услови за функционирање на Факултетот, во извештајниот период беа реализирани две нови вработувања на работното место хигиеничар, со што се зајакнаа капацитетите за одржување и тековно функционирање на институцијата.

Истовремено, Факултетот продолжи со активностите за обезбедување согласности за нови вработувања преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Министерството за образование и наука. Во повеќе наврати беа доставени барања за пополнување на работното место архивар, кое е предвидено со Правилникот за систематизација на работните места, како и за вработување на соработнички кадар – асистенти, согласно реалните потреби на наставниот и научноистражувачкиот процес.

Иако овие барања не беа одобрени во текот на извештајниот период, Факултетот и понатаму останува определен кон обезбедување на потребните кадровски ресурси, како предуслов за понатамошно унапредување на квалитетот на наставата, научноистражувачката работа и административното функционирање.

Во текот на извештајниот период, еден вработен го оствари правото на старосна пензија, при што работниот однос престана по основ на пензионирање на работното место хаусмајстор.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Во текот на извештајниот период, финансиското работење на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје беше насочено кон обезбедување финансиска стабилност, рационално управување со расположливите средства и создавање услови за понатамошен институционален развој. Финансиското управување се реализираше во согласност со законските прописи, Планот за јавни набавки усвоен од Деканатската управа и Програмата за распределба на дел од средствата стекнати од партиципацијата на трошоците за студирање, при што приоритет беше даден на инвестициите во наставната, научноистражувачката и лабораториската инфраструктура.

Особено значаен резултат во извештајниот период претставува обезбедувањето средства за капитални инвестиции преку Министерството за образование и наука и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наменети за набавка на опрема и реализација на градежно-занаетчиски активности за подобрување на условите за работа. Со овие инвестиции, детално опишани во претходните поглавја од извештајот, дополнително се модернизираше наставната и научноистражувачката инфраструктура на Факултетот.

И покрај реализираните инвестиции, Факултетот и понатаму се соочува со предизвици во обезбедувањето финансиски средства за редовно

функционирање, кои во најголем дел произлегуваат од долгорочниот тренд на намалување на бројот на запишани студенти. Ваквата состојба е условена од повеќе фактори, меѓу кои демографските движења, миграцијата на младото население, како и зголемениот број високообразовни институции во државата.

Во овие услови, Факултетот продолжува активно да ја диверзифицира структурата на своите приходи преку обезбедување средства од домашни и меѓународни научноистражувачки проекти, јавни повици и договори со државните институции, реализација на стручно-апликативни услуги и анализи во акредитираните лаборатории, вршење јавни овластувања, експертизи, консултантски услуги и други форми на соработка со стопанството и меѓународните донатори. Ваквиот пристап придонесува кон намалување на зависноста од приходите од партиципација и создава поодржлива финансиска основа за развој на Факултетот.

И покрај ограничените финансиски ресурси, Факултетот и понатаму обезбедува сопствени средства за реализација на значаен дел од наставните активности, особено за теренската настава, лабораториските вежби и практичната обука на студентите, потврдувајќи ја својата определба за одржување на висок квалитет на наставниот процес.

И во наредниот период, Факултетот ќе продолжи со политики насочени кон рационално и одговорно финансиско управување, обезбедување дополнителни извори на финансирање и инвестирање во развојни активности кои ќе придонесат за понатамошно унапредување на наставната, научноистражувачката и апликативната дејност.

## АКТИВНОСТИ НА ФАКУЛТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ (ФСС)

Во периодот од 1 мај 2025 до 30 април 2026 година, Факултетското студентско собрание (ФСС) ги реализираше следните активности:

- Редовни состаноци, како и постојани контакти со претставниците на студентите од сите студиски години на ФЗНХ;
- Членови на Факултетското студентско собрание беа активно вклучени во Наставно-научниот совет и останатите комисии;
- Учество на Петтиот меѓународен симпозиум за земјоделство и храна (ISAF 2025), во Охрид;
- Учество на 10-тиот Конгрес за заштита на растенијата одржан во Златибор, Србија;
- Учество на земјоделски саем – AGROTICA во Солун, Грција

- Активно учество на членовите на Факултетското студентско собрание во обележувањето на 78 годишнината на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје и “Денови на кариера“;
- Во март 2026 година, беа спроведени официјални избори за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје во состав на УКИМ во Скопје, за календарска година (март 2026-март 2027). За претседател беше избран Дино Мискоски, студент на прв циклус студии на насоката Поледелство на ФЗНХ;
- Учество во организацијата на вториот “Квиз на знаење“ наменет за учениците од четврта година од средните стручни училишта од земјоделско-преханбениот сектор, како и Смотра на средношколски трудови;
- Учество на АГРОНОМИЈАДА 2026 во Будва, Црна Гора;
- Учество на летни школи организирани од меѓународни проекти на факултетот;
- Учество во меѓународни научноистражувачки проекти на факултетот.

## ЦЕНТАРОТ ЗА КАРИЕРА НА ФЗНХ

Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје како составен дел од Центарот за кариера на УКИМ во Скопје и во тековната академска 2025 -2026 година, во рамки на предвидените план-активности, спроведе низа редовни и целни активности.

Во текот на извештајниот период Центарот за кариера на ФЗНХ реализираше активности насочени кон промоција на својата улога во рамки на ЦК на УКИМ за своите студенти (сегашни и веќе дипломирани), односно обезбедуваше информации за сите можности за студентите на сите 3 циклуси студии, како практикантство, практична работа во текот на студирањето, вработување, мобилност, како и редовна поддршка во планирањето и насочувањето на нивната кариера.

Во извештајниот преиод, сите активности и информации за одредени настани од интерес на студентите се споделувани на официјалната страна на ФЗНХ како и преку I – know системот (информации за стипендии, обуки, конференции и други можности за вработување, личен и професионален развој http://www.fznh.ukim.edu.mk/en/centar-za-kariera.html

За непречено функционирање секако дека треба да се истакне волонтерската работа на наставниот, соработничкиот кадар, студентите и дел од адмистративниот кадар на ФЗНХ кои покрај редовните обврски на ФЗНХ, беа директно вклучени и во активностите на Центарот.

Студентите кои се вклучени во активностите на Центарот за кариера на ФЗНХ се ротираат во зависност од нивните обврски во текот на студиите (разлини години на студирање и студиски програми), кои самоиницијативно покажуваат интерес за општествено одговорна работа и се посветени при реализација на активностите во рамки на Центарот за кариера.

И оваа година ја продолживме и продлабочивме соработкатасо бизнис секторот што претставува клучен елемент за обезбедување пристап на студентите од академската средина до потенцијалните работодавачи и нивно понатамошно реализирање на пазарот на труд.

Исто така, Центарот за кариера на ФЗНХ преку своите студенти продолжи да го промовира факултетот и студиските програми пред за средношколската младина за запишување на оваа високообразовна институција.

Беа реализирани и обуки, предавања, средби со наши алумни.

Обезбедување редовен пристап до информации поврзани со конкурси/стипендии.

Во извештајниот период (15 мај 2025 - 15 јуни 2026 година) преку Центарот за кариера беа реализирани сл. активности:

- Организирање на работилница: ,,Практични примери од кружната економија во прехранбените области“ (15 мај, 2025 година) дипл. технологМери Илиеска за студенти на сите единици на ниво на Кампус земјоделство и ветерина;
- Работна средба со членовите на Центарот за кариера година на ФЗНХ со раководителот на Центарот за кариера на Белградскот Универзитет, проф. Дејана Лазиќ (17-19 јуни, 2025), и споделување практични искуства со студентите - волонтери на ФЗНХ - можности за вмрежување со ЦК во ргионот и пошироко;
- Редовни активности за расчистување и средување на влезот на ФЗНХ (септември 2025/март 2026);
- Одбележување на почетокот на академската 2025-2026 година на ФЗНХ – Скопје во состав на УКИМ во Скопје со презентација на Центарот за кариера пред новозапишаните студенти;
- Учество на студентите во организицијата и реализација на ISAF 2025 на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје ( 8-10 октомври, 2025);
- Отворен повик за ангажирање на студенти – волонтери од страна на канцеларијата на Центарот за кариера на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, во состав на Центарот за кариера на УКИМ во Скопје за академската 2025-2026;
- Организирање работилница: ,,Подигнување на свеста за оралното здравје и неговиот ефект на општото здравје - превенција на оралните заболувања’’ во соработка со ЦК на Стоматолошки

факултет при УКИМ (3 декември, 2025 година) проф. Кристина Митиќ;

- Организирање на ,,Отворени денови'' на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје во рамки на традиционалниот настан ,,ОТВОРЕН ДЕН на УКИМ'' (ОТВОРЕН ДЕН на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" во Скопје (12 декември 2025 година);
- Денови на кариерен развој (декември 2025 во просторот на ФЗНХ), со цел доближување на компаниите до студентите, мотивација и поттикнување за понатамошен кариерен развој;
- Средби со бизнис заедницата и институциите како главни чинители во развојот на земјоделско-прехранбениот сектор;
- Организација на Интерактивна работилница за себеспознавање и личен раст М.О.Ж.А.М (12 декември, 2025 година, проф. Ана Котевска);
- Предновогодишно дружење: Центар за кариера на ФЗНХ - за сите студенти од единиците на Кампусот земоделство и ветерина & Алумни ФЗНХ ( 24 декември, 2025);
- Организација и учество на ЦК во рамки на манифестацијата на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, по повод празникот Св. Трифун - заштитник на винарите, лозарите и овоштарите, на Опитното поле ФЗНХ (14.2.2026);
- Учество на настан: Креативно размислување за кариерен разој (17 февруари, 2026 година) во организација на ЦК на УКИМ & УСС УКИМ;
- Учество на ,,Саем на образование - Студентарија МК 2026‘' (27 & 28 февруари, 2026 година) - Сити Мол Скопје ЦК Фзнх- ЦК на УКИМ;
- Хортикултурно уредување на дворот на факултетот со поддршка на алумни на ФЗНХ (март, 2026) проф. Маргарита Давитковска, проф. Звезда Богевска;
- Учество на: ,,Заедничка пролетна акција на нашиот кампус" - професори & студенти зедничка акција за средување на околината (19 март, 2026);
- Организирање на посети за средношколци – матуранти од средните училишта во државата за запознавање со можностите за студирање и лабораториите на ФЗНХ (април, 2026);
- Средби и посети на деца од градинки, основни и средни училишта на ФЗНХ – подигнување на свеста за значењето на земјоделството и производството на храна кај младите;
- Одржани предавања од страна на наставниот и соработнички кадар на ФЗНХ од од различни области во рамки на одделни институти за ученици од средните училишта во Скопје: ,,Марија Склодовска – Кири'', СУГС ,,Браќа Миладиновци'' во Драчево, како и за ученици од СОУ „Орде Чопела" – Прилеп, СОУ ,,Крсте Петков Мисирков'' -

Демир Хисар, СОУ ,,Киро Бурназ'' - Куманово (декември, 2025 – април 2026);

Во рамки на своите активности ЦК одржува редовни состаноци во просторијата на Центарот за кариера, со доставување Предлог активности за 2025/26 година и објавување Стратегија на ЦК на ФЗНХ.

Центарот за кариера на ФЗНХ преку свој претставник во Советот на Центарот за кариера на УКИМ учествуваше во работата на ЦК на УКИМ и ја продолжува соработката со останатите Центри за кариера на единиците на УКИМ, во координација со советникот на Центарот за кариера на ФЗНХ како одговорно лице за Центрите за кариера на факултетите и институтите (Кампус земјоделство и ветерина: Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг ,,ХАНС ЕМ'', Факултет за ветеринарна медицина, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер, Факултет за земјоделски науки и храна, Земјоделски институт – Скопје, Институт за сточарство и рибарство).

Центарот за кариера на ФЗНХ работи на волонтерска база и сите активни членови (наставен, соработнички кадар, студенти и алумни на ФЗНХ) со својот ентузијазам се носители на спроведените активности.

* * *

На крајот од овој извештај, сакам да изразам искрена благодарност до моите продекани – проф. д-р Ивана Јанеска Стаменковска, проф. д-р Билјана Кузмановска и проф. д-р Тошо Арсов, како и до раководителите на сите институти и членовите на комисиите на Факултетот, за нивната професионалност, посветеност и конструктивна соработка во успешното реализирање на активностите и остварувањето на целите на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје.

Посебна благодарност упатувам и до членовите на Наставно-научниот совет, наставно-научниот и соработничкиот кадар, како и до вработените во стручната и административната служба, чија професионална ангажираност и одговорен пристап претставуваат значајна поддршка за секојдневното функционирање на Факултетот.

Во таа насока, сакам да ја истакнам посветената работа на вработените во: Одделението за општи и правни работи – Теодора Анастасовска, Мирослав Стојчевски, Елизабета Димковска и Петар Стојчевски; Одделението за студентски прашања и библиотечно работење – Кристина Илиоска Манасиева, Викторија Соколовска и Стојанче Нечковски; Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење – Ивана Попова и Тања Дамјановска; Одделението за информатичка и компјутерска технологија – Ива Максимовска и Горан Велковски.

Благодарност упатувам и до вработените задолжени за одржување на хигиената и чуварската служба, чија работа е неопходна за непречено и безбедно функционирање на Факултетот.

Во текот на извештајниот период, кај сите нив секогаш наидував на професионален однос, разбирање и подготвеност за соработка, со заедничка цел навремено, ефикасно и квалитетно да се реализираат сите активности од значење за Факултетот.

Убеден сум дека со истата посветеност, меѓусебна доверба и тимска работа ќе продолжиме и во наредниот период, создавајќи услови за понатамошен развој, унапредување и афирмација на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје како современа, препознатлива и конкурентна високообразовна и научноистражувачка институција.

Скопје, 2026 година

**Декан**

**Проф. д-р Миле Маркоски**